УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП
ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

UDC 80 (82)
ISSN 1857-7059

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК
# 2023
# YEARBOOK
# 2023

ГОДИНА 14
БРОЈ 21

VOLUME 14
NO 21

GOCE DELCEV UNIVERSITY - STIP
FACULTY OF PHILOLOGY

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП
ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК
# 2023
# YEARBOOK
# 2023

ГОДИНА 14
БР. 21

VOLUME XIV
NO 21

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF PHILOLOGY

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК
# ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

**За издавачот:**
проф. д-р Луси Караниколова -Чочоровска

**Издавачки совет**
проф. д-р Дејан Мираковски
проф. д-р Лилјана Колева-Гудева
проф. д-р Луси Караниколова -Чочоровска
проф. д-р Светлана Јакимовска
проф. д-р Ева Ѓорѓиевска

**Редакциски одбор**

| | | |
|---|---|---|
| проф. д-р Ралф Хајмрат | – | Универзитет од Малта, Малта |
| проф. д-р Неџати Демир | – | Универзитет од Гази, Турција |
| проф. д-р Ридван Џанин | – | Универзитет од Едрене, Турција |
| проф. д-р Стана Смиљковиќ | – | Универзитет од Ниш, Србија |
| проф. д-р Тан Ван Тон Та | – | Универзитет Париз Ест, Франција |
| проф. д-р Карин Руке Бритен | – | Универзитет Париз 7 - Дени Дидро, Франција |
| проф. д-р Роналд Шејфер | – | Универзитет од Пенсилванија, САД |
| проф. д-р Кристина Кона | – | Хеленски Американски Универзитет, Грција |
| проф. д-р Златко Крамариќ | – | Универзитет Јосип Јурај Штросмаер, Хрватска |
| проф. д-р Борјана Просев-Оливер | – | Универзитет во Загреб, Хрватска |
| проф. д-р Татјана Гуришиќ-Беканович | – | Универзитет на Црна Гора, Црна Гора |
| проф. д-р Рајка Глушица | – | Универзитет на Црна Гора, Црна Гора |
| доц. д-р Марија Тодорова | – | Баптистички Универзитет од Хонг Конг, Кина |
| доц. д-р Зоран Поповски | – | Институт за образование на Хонг Конг, Кина |
| проф. д-р Елена Андонова | – | Универзитет „Неофит Рилски“, Бугарија |
| м-р Диана Мистреану | – | Универзитет од Луксембург, Луксембург |
| проф. д-р Зузана Буракова | – | Универзитет „Павол Јозев Сафарик“, Словачка |
| доц. д-р Наташа Поповиќ | – | Универзитет во Нови Сад, Србија |

проф. д-р Светлана Јакимовска, проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска,
проф. д-р Ева Ѓорѓиевска, проф. д-р Махмут Челик, проф. д-р Јованка Денкова,
проф. д-р Даринка Маролова, проф. д-р Весна Коцева, доц. д-р Надица Негриевска,
доц. д-р Марија Крстева, доц. д-р Наталија Поп Зариева, проф. д-р Игор Станојоски,
проф. д-р. Лидија Камчева Панова

**Главен уредник**
проф. д-р Светлана Јакимовска

**Одговорен уредник**
проф. д-р Ева Ѓорѓиевска

**Јазично уредување**
м-р. Лилјана Јовановска (македонски јазик)
доц. д-р Сашка Јовановска (англиски јазик)
доц. д-р Наталија Поп Зариева (англиски јазик)

**Техничко уредување**
Славе Димитров

**Редакција и администрација**
Универзитет „Гоце Делчев“-Штип
Филолошки факултет
ул. „Крсте Мисирков“ 10-А п. фах 201, 2000 Штип
Република Северна Македонија

# YEARBOOK
# FACULTY OF PHILOLOGY

**For the publisher:**
Prof. Lusi Karanikolova-Cocorovska, PhD
**Editorial board**
Prof. Dejan Mirakovski, PhD
Prof. Liljana Koleva-Gudeva, PhD
Prof. Lusi Karanikolova-Cocorovska, PhD
Prof. Svetlana Jakimovska, PhD
Prof. Eva Gjorgjievska, PhD

**Editorial staff**

Prof. Ralf Heimrath, PhD – University of Malta, Malta
Prof. Necati Demir, PhD –University of Gazi, Turkey
Prof. Rıdvan Canım, PhD – University of Edrene, Turkey
Prof. Stana Smiljkovic, PhD – University of Nis, Serbia
Prof. Thanh-Vân Ton-That, PhD – University Paris Est, France
Prof. Karine Rouquet-Brutin PhD – University Paris 7 – Denis Diderot, France
Prof. Ronald Shafer PhD – University of Pennsylvania, USA
Prof. Christina Kona, PhD – Hellenic American University, Greece
Prof. Zlatko Kramaric, PhD – University Josip Juraj Strosmaer, Croatia
Prof. Borjana Prosev – Oliver, PhD – University of Zagreb, Croatia
Prof. Tatjana Gurisik- Bekanovic, PhD – University of Montenegro, Montenegro
Prof. Rajka Glusica, PhD – University of Montenegro, Montenegro
Ass. Prof. Marija Todorova, PhD – Baptist University of Hong Kong, China
Ass. Prof. Zoran Popovski, PhD – Institute of education, Hong Kong, China
Prof. Elena Andonova, PhD – University Neofilt Rilski, Bulgaria
Diana Mistreanu, MA – University of Luxemburg, Luxemburg
Prof. Zuzana Barakova, PhD – University Pavol Joseph Safarik, Slovakia
Ass. Prof. Natasa Popovik, PhD – University of Novi Sad, Serbia

Prof. Svetlana Jakimovska, PhD, Prof. Lusi Karanikolova-Cocorovska, PhD,
Prof. Eva Gjorgjievska, PhD, Prof. Mahmut Celik, PhD, Prof. Jovanka Denkova, PhD,
Prof. Darinka Marolova, PhD, Prof. Vesna Koceva, PhD, Prof. Nadica Negrievska, PhD,
Prof. Marija Krsteva, PhD, Prof. Natalija Pop Zarieva, PhD, Prof. Igor Stanojoski, PhD,
Prof. Lidija Kamceva Panova, PhD

**Editor in chief**
Prof. Svetlana Jakimovska, PhD

**Managing editor**
Prof. Eva Gjorgjievska, PhD

**Language editor**
Liljana Jovanovska, MA (Macedonian language)
Prof. Saska Jovanovska, PhD, (English language)
Prof. Natalija Pop Zarieva, PhD, (English language)

**Technical editor**
Slave Dimitrov

**Address of editorial office**
Goce Delcev University
Faculty of Philology
Krste Misirkov b.b., PO box 201
2000 Stip, Republic of Nort Macedonia

# СОДРЖИНА
# CONTENTS

## *Книжевност / Literature*

**Јованка Денкова**
РОМАНОТ „СРЕДБА ВО ОСАМЕНАТА КУЌА“ ОД ПЕТРЕ ДИМОВСКИ
– КАКО КРИК ЗА ПОГОЛЕМА СВЕСНОСТ И ПРЕТПАЗЛИВОСТ
**Jovanka Denkova**
THE NOVEL “MEETING IN THE LONELY HOUSE”
BY PETRE DIMOVSKI - AS AN OUTCRY OF YOUNG PEOPLE FOR
GREATER AWARENESS AND CAUTION ........ 9

**Мерал Шехаби-Весели, Лулјета Адили-Челику**
БИБЛИЈАТА КАКО ИНТЕРТЕКСТ ВО ДЕЛОТО
„ТАТКОТО МУСА ГОЛ“ НА ЧАЈУПИ
**Meral Shekabi-Veseli, Luljeta Adili-Cheliku**
THE BIBLE AS AN INTERTEXT IN THE WORK
BABA MUSA LAKURIQ BY ÇAJUPI ........ 19

**Марија Леонтиќ**
ПОЕТСКИТЕ КНИГИ НА ФЕРИД МУХИЌ
**Marija Leontik**
FERID MUHIC’S POETRY BOOKS ........ 31

**Маријана Ѓорѓиева**
РЕЛИГИОЗНИТЕ АСПЕКТИ ВО ГЕРМАНСКОЈАЗИЧНАТА
ЕКСПРЕСИОНИСТИЧКА ПОЕЗИЈА
**Marijana Gjorgjieva**
THE RELIGIOUS ASPECTS OF GERMAN LANGUAGE
EXPRESSIONIST POETRY ........ 43

## *Култура / Culture*

**Софија Иванова, Ана Витанова-Рингачева**
ВОДАТА И КАМЕНОТ КАКО СИМБОЛИ ВО НАРОДНАТА
ТРАДИЦИЈА НА СВЕТИ НИКОЛЕ И СВЕТИНИКОЛСКО
**Sofija Ivanova, Ana Vitanova-Ringacheva**
WATER AND STONE AS SYMBOLS IN THE FOLK TRADITION
OF THE TOWN SVETI NIKOLE AND THE SURROUNDING AREA........ 57

**Маријана Ѓорѓиева**
СОЦИОЛОГИЈАТА И РЕЛИГИЈАТА
**Marijana Gjorgjieva**
SOCIOLOGY AND RELIGION ........ 73

## *Јазик / Language*

**Билјана Ивановска, Гзим Џафери**
НЕОЛОГИЗМИ ВО СОВРЕМЕНИОТ ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК
ПРЕКУ ПРИМЕРИ ОД ДИГИТАЛНИОТ РЕЧНИК OWID
**Biljana Ivanovska, Gëzim Xhaferri**
NEOLOGISMS IN MODERN GERMAN PRESENTED
BY THE DIGITAL DICTIONARY OWID ...................................................................... 89

**Ana Koceva**
THE VARIABILITY OF LINGUISTIC POLITENESS .................................................. 99

## *Методика на наставата по јазик / Language teaching methodology*

**Марија Гркова-Беадер**
ЗНАЧЕЊЕТО НА МЕТОДИТЕ ВО НАСТАВАТА ПО СТРАНСКИ ЈАЗИК
**Marija Grkova-Beader**
THE IMPORTANCE OF METHODS IN FOREIGN LANGUAGE TEACHING........ 109

**Emin Idrizi**
TEACHERS' KNOWLEDGE AND INCORPORATION OF THE
21ST CENTURY SKILLS IN LANGUAGE TEACHING ........................................... 119

## *Преведување / Translation*

**Лидија Таушански, Даринка Маролова**
ПРАВНИТЕ АКТИ ВО ПРЕВОДОТ ОД МАКЕДОНСКИ НА
ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК
**Lidija Taushanski, Darinka Marolova**
LEGAL ACTS TRANSLATED FROM MACEDONIAN
TO GERMAN LANGUAGE ......................................................................................... 133

**Меги Димова, Даринка Маролова**
ПРИМЕНА НА ПРЕВЕДУВАЧКИ ПОСТАПКИ ВО МАКЕДОНСКИОТ
ПРЕВОД НА НОВЕЛАТА „МАЛИОТ ГОСПОДИН ФРИДЕМАН“ ОД
ТОМАС МАН
**Megi Dimova, Darinka Marolova**
APPLICATION OF TRANSLATION PROCEDURES IN THE
MACEDONIAN TRANSLATION OF THE NOVELLA LITTLE
HERR FRIEDMANN BY THOMAS MANN ............................................................... 143

УДК:398.3(497.732)

Review paper
Прегледен труд

# ВОДАТА И КАМЕНОТ КАКО СИМБОЛИ ВО НАРОДНАТА ТРАДИЦИЈА НА СВЕТИ НИКОЛЕ И СВЕТИНИКОЛСКО

**Софија Иванова[1], Ана Витанова-Рингачева[2]**
[1] Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип
sofija.2230@student.udg.edu.mk
[2] Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип
ana.ringaceva@ugd.edu.mk

**Апстракт:** Верувањата се составен дел од животот на човекот, без разлика на која точка од светот живее. Верувањата во натприродните сили, во претскажувачката моќ и многузначноста на сонот, во магиските обреди, во магиската функција на зборовите, го следеле човекот отсекогаш. Во време на војна, на општествени превирања и промени, кога човекот се соочувал со сите форми на злото, таквите активности добиваат поинакво значење. Токму тие станувале средство за излез од безизлезноста, а вербата во невидливата сила што може да помогне кога не постои ништо друго, останувала единствената надеж дека човекот може да преживее и во невозможни услови. Народните верувања на македонскиот народ се поврзани со култните места кои одиграле важна улога при оформувањето на обредните дејства, кои пак, довеле до оформување на народните религии. Култните места произлегле од народните религиозни потреби, а како такви се извојуваат: дрвјата, каменот и водата, кои се сметале за соодветно адаптирани места во природата, наменети за исползување на сакралните потреби на човекот.

**Клучни зборови:** *камен, вода, обред, Свети Николе, Македонија*

# WATER AND STONE AS SYMBOLS IN THE FOLK TRADITION OF THE TOWN SVETI NIKOLE AND THE SURROUNDING AREA

Sofija Ivnaova[1], Ana Vitanova-Ringacheva [2]
[1]Faculty of Philology, Goce Delcev University, Stip, Macedonia
sofija.22230@student.ugd.edu.mk
[2]Faculty of Philology, Goce Delcev University, Stip, Macedonia
ana.ringaceva@ugd.edu.mk

**Abstract**

Beliefs are an integral part of people’s lives, regardless of their location around the world. Beliefs in supernatural beings, witchdoctors, and fairies, in the predictive power and multi-significance of dreams, in magical rites, and in the magical function of words, have followed man since time immemorial. In times of war, social upheavals and changes, when man was faced with all forms of evil, such activities took on a different meaning. They became the means of escape from the impasse, and faith in an invisible force that could help when

there was nothing else remained the only hope that man could survive even under impossible conditions. The folk beliefs of the Macedonian people are linked to the cult sites that played an important role in shaping the ritual activities, which in turn led to the formation of folk religions. The cult sites originated from the folk religious needs, and as such they evolved: the trees, the stone and the water, which they considered as appropriately adapted places in nature, intended to fulfill the sacred needs of man.

**Key words:** *stone, water, ritual, Sveti Nikole, Macedonia*

## 1. Вовед

Благодарение на физичките и на хемиските особености, како и на распространетоста, водата и каменот длабоко се врежале во свеста на луѓето. Водата е вистински симбол на животот. Факт е дека водата е извор на вкупниот постоечки потенцијал; лулка и гроб на сè во вселената; првата форма на материјата. Сите води ја симболизираат Големата мајка и се поврзуваат со раѓањето, со женското начело, со вселенската утроба, со водите на плодноста. Водата разделува и поврзува, дава и одзема, мирна е и страшна, но неопходна. Таа раствара, отстранува, чисти, очистува и препородува. Во христијанската симболика водата претставува симбол на препородување, обновување, прочистување и крштевање, а изворот е симбол на Христос, како извор на животот. И водата и каменот, човекот ги доживувал како нераскинлив дел од анимизираната природа што го опкружувала.

Од друга страна, пак, камените артефакти сведочат дека човекот уште од најстари времиња водел своевиден религиозен „дијалог со каменот". Но, каменот никогаш не бил само „орудие", тој секогаш бил „свет камен". (Анастасова-Шкрињариќ, 2011: 226). Според Анастасова-Шкрињариќ, култната вредност на каменот е засведочена во многу култури: карпата и каменот со својата долготрајна егзистенција која му пркоси на времето, се доживуваат како моќни и неуништливи, поради што човекот во нив ја проектирал идејата за вечноста и бесмртноста. Сепак, култот кон каменот не подразбира обожување на каменот сам по себе, туку светиот камен станува предмет на религиозна почит, единствено затоа што се доживува како манифестација на светото.

## 2. Водата – симбол во народните верувања

Водата зазема значајно место во култот и во словенските верувања, таа е во почетокот и крајот на секакви космички движења. Ги крие во себе сите зачетоци, мајка е на с  што може да постои. Таа посебно е употребувана во магиските дејствија, што зборува за нејзината магиска моќ. Водата е елемент на космосот. Таа е во состојба да му нанесе големи штети и несреќи на човекот. Во секој момент може да ја покаже својата уништувачка моќ, може да го загрози и уништи животот, да ги упропасти материјалните добра на човекот и сл. Во такви ситуации луѓето верувале дека се доближува судот за сторените гревови. Човекот покажувал огромна стравопочит кон неа, бидејќи и самиот ја согледувал нејзината огромна сила.

Симболичкото значење на водата подразбира: извор на живот, средство за очистување и средина за обновување. Тие се трите доминантни теми кои се среќаваат уште кај древните култури. Варијациите на различни култури на овие основи ќе ни помогнат полесно да ја сфатиме симболиката на водата. Така, во Азија водата е суштински облик на обновување, потекло на животот и елемент на телесно и духовно препородување, симбол на плодноста, чистотата, мудроста, милосрдието и доблеста. Во еврејската и христијанската традиција, првенствено водата го симболизира потеклото на создавањето, таа е извор на с . Меѓутоа, водата како и с  друго, содржи во себе амбивалентни значења. Водата е извор на животот и извор на смртта, таа што создава и уништува. Во исламската традиција, водата е симбол на чистотата, животот и обновувањето. (Шевалие, Ж., Гербран, А., 1987: 155–159). Народот создал голем број верувања во кои водата е фундаментален елемент. По народното верување, дел од водата оди во пеколот и таму го гасне големиот пожар. Ако не би отишла таму, тогаш ќе го потопи светот. Големите води се собираат некаде на крајот на светот, таму каде што се спојуваат небото и земјата. Чудотворната вода, пак, се зема за таен извор кој тече и прелива, не го менува нивото, а истекува невидливо од пукнатините на карпите (Ш. Кулишић, П. Ж. Петровић, Н. Пантелић, 1970: 83, 85).

Несомнено, многу важно место во обредите, зазема ритуалното капење во водата, кое се смета за враќање на состојбата пред добиената форма или облик, а по излегувањето од неа ќе се добие нешто ново, ќе настапи повторно раѓање. Тоа значи и повторно оживување, подмладување и оздравување благодарение на магиската моќ на водата, и тоа, не само за време на овоземскиот живот, туку и по смртта. Според Танас Вражиновски, симболиката на водата во верувањата и во обредите се состои од две основни функции: очистувачка и спроведување на плодност. Очистувачката функција, во верувањата е проширена и на водата и с  препишува некоја магиска чистота, со што, меѓу другото, таа е симбол на здравјето. Оваа функција на водата е во спротивност со верувањата, дека во неа живеат лоши демони. Во врска со тоа постојат соодветни забрани за капење во реките, во текот на некои периоди од годината, кога во неа присуствува лошото. Во обредите за иницијација водата го овозможува повторното раѓање.

Во согласност со старите пагански верувања, од водата се родени боговите, а дел од нив и престојуваат во неа. Затоа на изворите и на реките луѓето им оддавале почит, им принесувале жртвени дарови и палеле оган. Во народната религија водата има и симболички значења. Таа претставува своевиден комуникациски мост помеѓу реалноста од оваа страна и реалноста од онаа страна, помеѓу светот на луѓето и светот на духовите. Водата се замислува и како пат по кој се стигнува во светот на мртвите, како пат по кој може да им се однесе порака или дарови.

### 2.1. Лековити води во Свети Николе и Светиниколско

Посебно место во македонските верувања поврзани за водата заземаат лековитите води. Верувањата во лекувачката, односно исцелителската моќ на осветените, светите води, остануваат актуелни и до денес. Се смета дека Господ ни ги подарил лековитите води за исцеление, ако ги посетуваме со верба во

него, а некои лековити води се дар и од Св. Богородица, Св. Климент и Наум Охридски, Св. Гаврил Лесновски и др. Според Лилјана Макаријоска, овие води благодарение на своите лековити својства лекуваат секакви болести. Болните се капеле во вода во која преноќиле здравец, дрен, босилек, па водата се истурала, но здравецот не се фрлал. (Макаријоска 2016: 81). Светите места во Македонија, но и насекаде во светот, најчесто се наоѓаат покрај извор на вода. Болниот, покрај нив остава разни делови од својата облека: кошула, маица, крпи, пари и други предмети. Светите води најчесто се просторно поврзани со свети места или свети камења, со цркви и манастири. Овие водички најчесто името го носат според светецот или манастирот до кој се наоѓаат. Такви се трите свети чешмички во село Мустафино наречени „Света НеделаÒ. Овие чешмичиња се изградени по „свети откровенијаÒ во форма на сонови; сите се посветени на православни христијански субјекти; и на сите функцијата им е ãсвета“ – т.е. нивната вода, според селаните, лекува.

Во Светиниколско има доста кладенчиња или чешми, прогласени за води кои, според верувањата, „лекуваат“ од нешто. И тука доаѓаат луѓе, си ги замиваат очите, рацете, нозете и оставаат пари како форма на дарување. Во овој крај народот верувал и сè уште верува во лекувачката моќ на водите. Според верувањето, кога доаѓаат да се напијат или да се измијат со водата, луѓето палат свеќи, кај некои води се оставаат пари или други предмети за здравје. Станува збор за т.н. даровна жртва. Според Чајкановиќ, жртвите се делат на *крвни* и *бескрвни жртви.* Во *бескрвни жртви*, спаѓаат следните типови жртви: *панспермија* или жртвување на плодови (овошни и житни култури); *либации* во течност (вино, ракија, млеко, зејтин); *жртва во облека* (или делови од облека, пред сè кошулата – како примарна и непосредна врска со човечкото тело, но исто така и чорапите или крпата како чести жртвени дарови); *жртва во пари* (минувајќи преку река, луѓето го „откупувале“ својот живот, фрлајќи метални пари како дар на божеството на водите.[1] Ваквите типови жртвувања постојат во македонската народна традиција и денес.

На неколку километри од Свети Николе, во село Горобинци постои една лековита вода која е наречена **Ранлива вода**. Од оваа вода луѓето барале лек за лиши, за израстоци на лицето или за воспаление на кожата. *„На лицето имаше лиши, како рани, па гури и крв ми течеше од лицето. И служна од ед'н братучед за таа вода некаде на средина меѓу Иванковци и Горобинци. Там се иде пред да изгрее сонце. И се миеш од водата и си оставеш дарче у црквата шо е до водичката. Таа ноќ преспа таму и сабајлето кога стана од спање, лицето почна да се љупе и да се чисте. Леко си га најде од таа Ранлива водичка“.*[2] Во селото Богословец се наоѓа црквата Свети Јован Богослов од 19 век. На јужната страна од Богословец, во непосредна близина на Брегалница, се наоѓа надалеку познатата **„кисела вода“,** која луѓето уште од многу одамна ја користат за лекување. За оваа вода постојат многу легенди, а изворот се посетува и денес.

[1] Види во: Анастасова-Шкрињариќ, Н. (2011). *Социјални фолклорни фосили,* Скопје: Македоника литера, 239

[2] **Информатор**: анонимен. Кажувањето е снимено на 22.5.2022 година во Свети Николе. **Снимила**: Софија Иванова

Во село Мечкуевци, Светиниколско, познато е т.н **Донино кладенче за очи** кое има моќ слепиот да прогледа. *„Тоа кладенче е до карпа и дрва околе нега, а големо е околе 20 сантима. Кладенчето никад не секнува, па дури и шумата к'д пага есено време околе нега има, а у нега нема. Имало некој човек шо не гледа, забрави му име, отишол там, замил се и прегледнал. Кој отиде там оставе крпа или марамче и врлеш шејче и паричка у водата. Луѓето шо биле там викале – Берикатвар сам".*[3]

Односот на народот кон светите места со свети води е однос на длабока почит. Најчесто, лековитите извори се наоѓале покрај некоја голема карпа. Дел од нив се наоѓаат покрај црквите и манастирите, па оттаму го добиваат и своето име. Во Свети Николе позната е света и лековита водичка кај градските гробишта, наречена **„Св.Стефан".** Таму се оди на празникот посветен на Св.Стефан пролетен, а во самиот двор има бунар со вода за замивање на очи. Се верува дека таа вода помага при разни инфекции и болести на очите. Иста ваква водичка, која има моќ да лекува болести на очите има и во дворот на црквата „Света Лидија" во Свети Николе. На неколку километри од Свети Николе, позната е водичка која помага на деца кои не зборуваат. Се верува дека децата кои пијат од водата наполнета во чевел, за брзо време ги надминуваат проблемите со говорот.

### 3. Водата и плодноста;
### Водата низ животниот циклус: раѓање – живот – смрт.

Водата сама по себе не е плодна, туку е исклучиво елемент кој овозможува оплодување. Во народните верувања, кон водата најчесто се обраќаат бездетните жени, молејќи се да добијат дете. Овие води најчесто се среќаваат во близина на некој манастир, каде неротките ги извршуваат обредните активности. Во Светиниколско позната е таква водичка која се наоѓа близу манастирот „Свети Илија" во село Немањици. *„Една комшика немаше 18 години деца. И отишла у Немањици кај некоја жена гледарица и ѝ кажале дека на свадбата ѝ било направено да нема деца. Додека гледала со водичката, гледарицата ѝ рекла на комшиката дека ќе остане бремена и ѝ каже шо сѐ треба да праве со водата, а да го посете и манастиро Свети Илија. По тоа отиде на доктур у Скопје и ѝ кажат дека има тумор и мора да се праве операција, да го уништат плодо и да го извадат тумуро. Таму биле двајца доктури: ед'н викал да ја праве, а другио не се согласувал. Дошол маж ѝ плачејќи кај бабата и викал дека нивната нада завршува. Гледарицата рекла нема да гу прават операција затоа шо Св. Илија бил раскрилен врз неа гу бране и нема да даде да се праве операција, туку ќе роде дете – девојче. Така и биде, роди си здраво и право девојче."*[4] Преку овие кажувања се гледа моќта на водичката и светецот во поттикнување на плодност кај жена – неротка.

[3] **Информатор**: Слободанка Иванова, родена 1944 година во с. Стрисовци, Пробиштип. Кажувањето е снимено на 16.4.2022 година во с. Мечкуевци, Свети Николе. **Снимила**: Софија Иванова

[4] **Информатор**: Слободанка Иванова, родена 1944 година во с. Стрисовци, Пробиштип. Кажувањето е снимено на 16.4.2022 година во с. Мечкуевци, Свети Николе. **Снимила**: Софија Иванова

Народните обичаи поврзани со кругот на животот: брак, раѓање и смрт, се одраз на народна традиција на сите народи, меѓу кои и на македонскиот народ. Обезбедување пород и продолжување на семејната лоза е основна цел на секоја новоформирана брачна заедница. Затоа уште за време на свадбата се изведуваат низа обичаи и обреди кои имаат за цел да обезбедат плодност и благосостојба на новата брачна заедница. Уште од самото зачнување на плодот, па с  до породувањето, бебето се „лула“ во воденото опкружување наречено **плодова вода**. Водата за бебето претставува животно важна течност која го штити од разни бактерии, надворешни влијанија и му обезбедува удобност, с  до неговото излегување од утробата. До породувањето, водата или „водено гнездо“ ќе биде удобен дом на нероденото дете. Несомнено, многу важно место во обредите зазема ритуалното капење во водата, кое се смета за враќање на состојбата пред добиената форма, а по излегувањето од неа симболично се случува т.н. повторно раѓање. По раѓањето на детето, од црква се зема осветена вода, т.н. **молитвена вода** и од неа се додава по малку при капењето, до неговото крштевање, а мајката пие од неа четириесет дена. Молитвената вода уште наречена мала молитва е црковен обред за прочистување на родилката и на новороденчето со осветената вода; по раѓањето на детето, некој од домашните оди во црквата за да земе осветена вода, „молитва“ (се носи во шише, коешто задолжително се затвора со босилек) и до четириесеттиот ден, од молитвата се истура во водата за капење на новороденчето, а родилката пие, се замива по лицето, од неа и се попрскува по градите за да го одржи млекото (обредно чисто), а по истекот на овој период, остатокот од молитвата се истура во проточна вода; се верува дека оваа вода (светена, крстена) е заштитена од разни надворешни, негативни влијанија (Мајкаријоска 2016: 267–268). При капењето, во коритото се става една лажичка просеана пепел, која има улога да ги исчисти влакната од бебето, а со тоа да спречи влакнетост кај бебето. Откако бебето ќе наполни 40 дена, стар обичај е детето да се крсти во црква и да се потопи во **светата вода**. По крштевањето, водата со која се крсти детето се истура на местото каде што не се гази, или се истура во цвеќе во куќата. За лекување на болките во стомачето кај новороденче, народот од Светиниколско верува во т.н. **„баење од дна“** со водичка. Ова баење го извршуваат лица – бајачи кои со помош на вода и таинствени зборови помагаат во лекување: *„Се зима вода од банката на бебето и се става во старо бардаче да заврие. Откако ќе заврие се става врз бардачето некој постар сад и се поклопува со дното надоле, а бардачето се држе со некое старо плетено миленце и машки бели гаќи. Се бае од глава до пети на новороденчето. Најпрвин, водата треба да истече од бардачето и после па се враќа назад у него. Верува се дека ако бардачето обрнато со дното надоле во садот ја собере водата, новороденчето има болки у мешето. Откако ќе ја впие водата, па се загрева и постапката се повторува 3 пати. На крај, водата треба да оладе малку, се дава една г’тка на бебето, се помазува по челото и мешето, а другото шо ќе остане, се истура на место кај шо никој не газе или у китка.“*[5]

[5] **Информатор**: Кристина Иванова Миткова, родена 1992 година во Штип. Кажувањето е снимено на 1.6.2022 година во Свети Николе. **Снимила**: Софија Иванова

Христијанството како доминантна религија прифатило доста обреди во кои водата е клучен елемент. Осветувањето на водата на празникот Богојавление, Водици се врши со фрлање крст во неа и се верува дека таа вода може да лекува од разни болести, а преку прскањето на куќата и покуќнината се бркаат лошите демони и сите несреќи. **Богојавленската вода** (се нарекува: *пеана, крстена, чудотворна, животворна, молитвена* или *светена вода*) се користи како лек против очни, ушни, забни болести, но и при психички проблеми и растројства, а се верува и дека помага за полесно породување. Впрочем, на целата македонска територија, па и во Свети Николе се верува во заштитната моќ на богојавленската вода (наполнета на празникот). Се верува дека на тој ден сите води се исцелителни, а секое семејство чува дома од оваа вода и ја употребува за пиење или за мачкање во случај на болести, против уроци и сл. **Водокрсната вода** треба да се чува во домот на секој православен христијанин. Оваа вода најчесто се употребува за помазување на челото при главоболка, вртоглавица, уроци и сл. Цепенков за неа вели: *„Водата крстена, (што) праела чудесија болни лекуала и урочени и таа вода, да стојела кизнај колку години, не се смрдуала... Има луѓе у нас што се фатени со облог за крстената вода и ја туриле во едно шише и ја затнале убао; туриле и проста вода во друго шише и ќе и држеа за по неколку месеци и коа се отворија шишињата, крстената вода – чиста како солза, а пак некрстената – нечиста и смрдена“.* (Макаријоска 2021: 341–342).

Водата има посебно место во обредите кои се извршуваат при баење. Баењето претставува изговарање магиски формули кои според Танас Вражиновски се одликувале со строго утврден и постојан текст, придружуван од магични дејства што се непроменливи во подолг временски период; преку кажувањето таинствени формули, молитви и заклетви, обично се настојувало злите сили да се придобијат, а преку заштитните да се оневозможат и да се истераат. Всушност, баењата ја претставуваат народната медицина во којашто лек е зборот или пак, некое друго средство како: водата, солта, српот, бардачето, секирата, косата и сл. Во Светиниколско, во баењата против уплав, главно средство е водата. *„Се зимаат седум лажици и едно чиниче со вода и се застанува пред личноста шо треба да ѝ се бае. Со седумте лажици се праве крст во чиничето со вода и се допира на челото, на срцето и на нозете. Така се повторува до три пати и се префрлаат лажиците преку личноста. Лажиците паѓаат на земја, а водата од чиничето се фрла на ќоше од стреа кај шо никој не гaзе врз неа.“*[6]

Во овој крај познати се **„баењата од направија“,** баења со чија моќ се оттргнуваат злите духови кај човекот и дејствата направени со помош на некоја црна магија. И во овие баења неизоставен дел од ритуалот е водата со нејзината очистувачка функција. *„Имаше една баба по име Роска и баеше за среќа, к’смет и бериќет. Отиде кај неа, улезе у една стара, скоро распадната куќа и ја замоли да ми бае. Бабата имаше околу 90 години. Зема сол и босилок и почна да бае, односно да разговара со двајца светци, Св. Петка и Св. Ѓорѓија. Почна да ме прашува како се чувствувам, дали имам чести главоболки, дали сум често нерасположена и напната – исто како да знае шо ми е на мене.*

[6] Исто со фуснота 5

*Кажувам и ја како е и на крај од баењето ми кажа дека некој ме заранил со бонбонче од мртовец (бонбони шо се носат на погреб). Откако заврши ми рече да преспијам со солта и со босилоко под перница и дека светците ќе ми ја покажат личноста шо ми го дала тоа. Бабата ми рече да најдам вода од три различни изворчиња, да наполнам и да измешам у едно шише и среда и сабота да се посипам со неа, ама водата да не иде у канализацијата, туку у леѓенче, па у некои китки. Направи ја сè шо ми кажа бабата и од тогаш се осеќам многу подобро, а личноста ми испадна на сон.“*[7]

Водата освен што е застапена во обредите што се извршуваат врз новороденчето, таа е присутна и во обредите врз покојникот. Капење на покојникот или т.н. **обредно капење**, во македонската народна традиција е со цел „покојникот да оди чист кај Бога“. Доколку покојникот е машко, чинот на извршување го прават мажи, а доколку е женско, жени. Водата меѓу народот е наречена **„мртовечка вода“** всушност е водата во која бил капен покојникот и се фрла на место на кое не минува никој, зашто ако нагазне на тоа место познато како *нагазиште,* ќе му се случи несреќа. (Макаријоска, 2016: 294).

### 4. Каменот – симбол во народните верувања

Во традицијата на словенските, но и воопшто на сите народи во светот, каменот има посебно место. Помеѓу душата и каменот постои тесна врска. Според легендата за Прометеј, татко на човековиот род, камењата го задржале човековиот мирис. Каменот и човекот претставуваат двојно движење на искачувањето и спуштањето. Човекот се раѓа од Бога и се враќа во Бога.[8]

Каменот е симбол на стабилноста, издржливоста, сигурноста, вечноста и кохезијата. Тој означува статичен живот, а поврзан со карпата, планината и дрвото симболично го претставуваат универзумот. Во различните култури, меѓу различните народи, каменот и неговата симболика е толкуван на различен начин. Праисторискиот човек знаел за т.н. *камени громови* кои биле најчестите праисториски кремени (многу тврд камен), и биле побожно чувани. С што паѓало од повисоките сфери, се сметало за ѕвездено светилиште, а биле користени во ритуалите посветени на небесните богови. Нашите предци верувале и во т.н. *камења за дожд* кои го симболизирале духот на предците и нивното неопределено присуство на некое место. Каменот ја закотвува душата на предците, ја смирува, ја држи, а почвата станува плодна и привлекува дожд. Неговата скапоценост, пак, во комбинација со дрво во светиот олтар, го симболизира она што е трајно и што го заштитува, додека дрвото е она што се менува и шири. Исправените, високи камења се оската на светот и претставуваат поддршка на с во универзумот. Кога се коцки, тие означуваат стабилност и статичка совршеност и затоа се камен-темелници на светите градби.[9] Во минатото, црните магии најчесто биле отелотворени во камењата: требало да

[7] **Информатор**: анонимен. Кажувањето е снимено на 20.6.2022 година во Свети Николе. **Снимила**: Софија Иванова

[8] Шевалие, Ж., Гербран, А. (2005) *Речник на симболите*, Митови, соништа, обичаи, гестови, облици, ликови, бои, броеви, Табернакул, Скопје стр. 245

[9] Исто. стр. 246–248

се фрлат седум камења некому или да се подигнат куп камења и да се фрлат со желба да се растера с што го усреќувало лицето кому му се нанесува зло.[10]

Каменот во споредба со другите предмети во природата се разликува по својата тврдост и трајност на материјалот, со необичниот таинствен облик, асоцира на неговата поврзаност со натприродните сили и моќ. Каменот во свеста на првобитниот религиозен човек предизвикувал страв и почит. Каменот, односно карпата која се извишувала високо, покажувала на некој повисок начин на опстанок, кој не е подложен на некакви промени, давал чувство на вечно постоење, наспроти кревката човечка егзистенција. Стравот на човекот, сепак, не се однесува на каменот како таков, туку на реалноста која се крие зад материјалната појава, кон она што е „друго", кое му припаѓа на повисокиот свет. Инвестирајќи ги своите религиозни чувства во каменот, архаичниот човек го поврзува каменот со натприродното (го доживува како „фетиш" или „седиште на духот"), вселувајќи ги во него најпрво душите на мртвите предци, а подоцна и своите богови (за што сведочи постоењето на надгробните камења и камените идоли). (Анастасова-Шкријањариќ 2011: 226).

Верувањата во каменот можат да бидат групирани во пет основни групи. Првата група ја сочинуваат камењата поврзани со нивната функција; Втората, по именувањето; Третата, камења поврзани со клетви или проколнувања; Четврта, камења – крстови и петтата ја сочинуваат надгробни камења. Тука треба да нагласиме дека овие верувања важно место заземаат во преданијата, односно во нивното создавање. Некои од нив се од носечки карактер, односно во нивното создавање. Во многу преданија тие заемно се преплетуваат. Во согласност со верувањата, култните камења се третирани како моќно апотропејско средство, кое може да го заштити човекот од секакво зло. (Вражиновски, 1998:108). Светите камења во свеста на архаичниот човек претставувале силна заштита, место на кое се синтетизирала голема количина на енергија која може да му биде од полза на човекот. Всушност, каменот со својата издржливост и долговечност на некој начин ја претставува идејата на човекот за долг живот и желба да се биде бесмртен. Таа гилгамешовска идеја, всушност е универзалната претстава на човекот за животот и светот.

Македонските народни верувања во кои се среќава култот кон каменот, го посведочуваат синкретизмот на паганските верувања со христијанските практики, потчинети на народните обреди. Во христијанската симболика се забележува дуализам во интерпретацијата на каменот. Од една страна каменот е симбол на Бог, на Христос и Црквата и го симболизира првиот олтар, а од друга страна е описот на каменот во Светото писмо, кој според својата природна форма, се толкува како облик на она што нема живот, мртво, без чувства и тежина. Следствено на описот на каменот во Светото писмо, Библијата камените идоли ги поставува на паганските божества лишени од живот, наспроти животворниот и живиот Бог (Вражиновски 2022: 115, 158). Каменот, воопшто како симбол се среќава секаде каде што човекот во содејство со природата, создал живот.

[10] Исто. стр. 249

### 4.1. Светите камења во македонската традиција и нивната функција

Терминот *свет камен* во македонската народна религија се однесува на навидум обичен камен, кој благодарение на својата форма, местоположба, предание и природно вградени симболи, рефлектира натприродна моќ, со што се транформира во „свет камен". Како таков, според народно-религискиот концепт е третиран како ефикасно средство против човековата неплодност и заштита од разни болести (Поповска 2009: 10). Така, практикувањето на ритуалите на светите камења во Македонија, според традиционалното мислење се фиксирани на точно определено време. Обредот на каменот е средство за постигнување на одредена цел и тој означува точност во постапките, „праведност" и размена на вредностите со силите, кои според верувањето, престојуваат во каменот. Ваквата симболичка важност и меѓузависност е сфатена и од поединецот и од колективот (Поповска 2012: 193). Сакралните камења кои во македонската народна традиција биле предмет на култ, поради својата различност од другите предмети во природата, се толкувале како симболи со натприродна моќ. Моќта на камењата (особено на кристалите), им била позната на древните култури, кои ги користеле за исцелување, или како амајлии кои обезбедувале заштита од лоши сили. Затоа, тајната на светиот камен ја знаеле само светите луѓе и посветените, кои во пресудни мигови, настојувале моќта на каменот да ја користат за добробитот на поединци или цел колектив.

Во традицијата на старите Египјани, Римјани, Грци и Кинези, се засведочени верувања во кристалите кои според нив помагале во лекување различни болести. Лековитата функција на култните камења е содржана во самите камења, потоа во водата која се наоѓа во нивните вдлабнатини, коишто понекогаш наликуваат на човечка рака или стапалка на човечка нога. Таквите камења некогаш, а во некои места и во наше време, служеле како жртвени олтари кон кои луѓето се однесувале со посебна почит. Според христијанската симболика, каменот го симболизира првиот олтар. Голема сакрална вредност му се припишува на т.н. *пробушен камен* или *дупен камен* (камен во кој има пукнатина, низ која се провираат болните луѓе за здравје, а жените неротки за да добијат плод. (Анастасова-Шкрињариќ 2011:231). Денес, вербата во исцелителската моќ на светиот камен, сè уште е жива и народот верува дека каменот може да ги излекува сите болести. Во Свети Николе познат е **Трткин камен** кој лекува од тртки или други израстоци на кожата. *„У село Трстеник на 10 километри од Свети Николе, над кукиte, у ед'н појас има карпа голема со дупка. Кога врне дожд собира вода која лече од тртки. Замива се со водичката к'д има вода, остава се паричка и поминат трткиte. Правилно е да се замива три пати, ама кој може да отиде".* [11]

На некои од култните камења се изделкани крстови што, се разбира, е понова појава, а исто така доста се познати и камените крстови подигнати од самите луѓе на соодветното место, главно, со посредство на сон. Ваквите камења – крстови обично носат имиња на светци. Таков **камен – крст** е познат и во Свети Николе кој го носи името на Свети Илија. На празникот Илинден

[11] **Информатор**: анонимен. Кажувањето е снимено на 20.6.2022 година во Свети Николе. **Снимила**: Софија Иванова

на овој камен се собира месното население, се носи крпа или т.н. „дарче“, а најчесто се оди за здравје и бериќет во куќата.

Како што наведовме погоре, светиот камен е всушност обичен камен кој благодарение на својата форма, местоположба, природно вградени симболи рефлектира натприродна моќ. Во околината на Свети Николе, поточно во село Патетино, постои еден камен т.н. **Дигнат камен** кој со својата форма на печурка е вистински феномен. Дигнат камен или Подигнат камен е мистериозна формација, која привлекува со својата чудна поставеност. За ова место е зачувано предание од кое дознаваме дека каменот бил нарекуван така од пред повеќе од два века. Поради зулумите што биле вршени над народот од Османлиите, на крајот од 18 век селаните од Патетино убиле некој бег. За одмазда било исклано скоро целото население од селото. Според преданието, *„потекла крв низ долината на селото до местото Дигнат камен“.* Тогашното население врз овој камен оставал дарови. Тоа е најстарото запишано сведоштво за овој камен. Каменот поради својата цврстина и трајност, кај првобитниот човек предизвикувал страв и почит и асоцирал на поврзаност со натприродните сили и моќи. Поставувањето камења на гробовите се должи на симболиката на каменот како неуништив и вечен. Уште од дамнина се сметало дека **надгробните камења** се места каде што душите од подземниот свет влегуваат во светот на живите и се верувало дека во тој камен продолжува да живее душата на покојникот. И во македонската народна традиција силно се негува обредната практика поврзана со култот кон мртвите. Се верува дека камењата поставени на гробот на починатиот, всушност штитат од појава на духови од царството на умрените, како и одбрана на починатиот од непријателските сили. Поради значењето и симболиката што ги поседува, сите надгробни споменици на територијата на Македонија и на Свети Николе се правени од камен, како цврст и траен материјал погоден за овековечување.

### 4.2. Култни камења во обредите за плодност
### Верувањата во Говедар камен

Во македонската народна традиција, камењата кои се толкуваат како култни, се лоцирани на отворено поле и се осамени; се јавуваат со различни големини и облици; потсетуваат на машки или женски човечки фигури, нивни делови, луѓе во група или животни. Поради својата трајност и неуништливост, кондензирана моќ и цврстина, каменот ја симболизира машката моќ и плодност.

Во Овчеполието, недалеку од Свети Николе, веднаш до атарите на селата Ерџелија и Пеширово се наоѓа еден огромен камен од еруптивно потекло, познат под името **Говедар камен**. Со Говедар камен е поврзан магискиот обред за плодност, којшто најверојатно се практикувал уште во длабоката древност, а останал речиси неизменет до нашава современост. Како и повеќето култни камења кои се издвојуваат по својата форма, и Говедар камен има специфичен облик – потсетува на говедо кое „пладнува“ (се одмора), па оттаму го добил и името.  На овој камен му се припишува исцелителска моќ, па тука бараат помош болните од различни болести, но пред сè доаѓаат жените – неротки. Овој камен, според Анастасова-Шкринариќ сведочи за *обредната логика* на

жртвопринесувањето, сфатено како „размена на дарови“ со натприродното (со божественото/со светецот).

Обредното дејство кое се однесува на жените неротки, се изведува секоја година на Ѓурѓовден, ден пред празникот и на самиот празник (5 и 6 мај)[12]. При самото доаѓање кај каменот се одвива изборот на кумот/побратимот, којшто ќе биде заштитник и покровител на неротката во текот на церемонијалот за плодност. Во однос на изборот на кумот/побратимот, во некои случаи жената може да дојде со својот кум, но се смета дека е подобро да се одбере кум на самото место. По изборот, кумот и жената го плетат *повојот/плетенката*, односно намотуваат две клопчиња волница – црвена и бела. Со исплетениот повој од црвено-белиот конец, кумот и невестата го обиколуваат каменот три пати, а потоа еден дел од повојот се остава на каменот, а од другиот дел се прави појас кој жената, од тој миг – натаму, цело време ќе го носи врзан за половината. Воспоставената врска (по пат на магијата на врзување) има за цел да ја трансферира плодноста на каменот врз жената-неротка. Пред кумот да го стави појасот, неротката три пати се провлекува низ него, при што кумот ја благословува: *„Догодина да дојдете со две дечиња, со две јагниња“.* По благословот, кумот ја опашува неротката, внимавајќи при тоа појасот што ѝ го врзува да ѝ биде токму на стомакот, и при тоа искажува нов благослов: *„По некој месец, како ќе расте стомакот, така да се стеснува појасот“.* Направениот појас, жената го носи во текот на целата година, а ако не забремени, повторно доаѓа носејќи го стариот појас да го исечат, а потоа си наоѓа нов кум/побратим со кој ќе направи нов појас. Доколку жената забремени, доаѓа на каменот да принесе даровна жртва, при што со нож го сече појасот на парчиња и ги фрла врз каменот. За предењето и ткаењето на специфични мотиви што се среќаваат во обредната пракса на балканските народи, Весна Петреска посочува дека Симболиката на врзување/одврзување на магиски конци, или само врзување/одврзување на магијата е многу распространета во семејниот и календарскиот обреден циклус. Во овој ред, според Петреска, би можеле да се споменат исто така и опашување на конци или пак, различни текстилни производи околу некои култни предмети и после изведување на обредот, конците или текстилните производи ги опашувале лицата на себе, за кои се изведувале обредните дејствија. Најчесто ова се применувало кога во прашање била неплодност.[13] Во овој контекст се прикажани обредите што се извршуваат на 3 август во манастирот Св. Наум во Охрид кога самиот манастир го опашувале со платно или со фитиљ од свеќа, по што неротките се опашувале, како би затруднеле, како и плетење на повојот од жена неротка и непознат маж, со кого таа се побратимува на Говедар камен во светиниколското село Пеширово,

[12] Ѓурѓовден е еден од најважните празници од пролетно-летниот циклус, кога се чествува будењето на вегатацијата. Во основата на Ѓурѓовден се наоѓа некогашниот голем пагански празник на оживеаната природа, кога со разни магиски дејствија се настојувало да се пренесе плодноста и силата на новата вегетација, врз луѓето и животните. (Анастасова-Шкрињариќ 2011: 241)

[13] https://www.folkloristika.org/arhiva/2017/motivot-predenje-vo-balkanskite-narodni kulturi.pdf Весна Петреска. *Мотивот предење во балканските народни култури со посебен осврт на македонкскта народна култура.* (Пристапено на: 20.1.2023)

на Ѓурѓовден. Самиот обред на ова култно место ја вклучува и жртвата. Мајката заедно со семејството и кумот принесуваат даровна жртва: тие веруваат дека детето е пород од каменот, па затоа го даруваат светиот камен. Како даровна жртва се принесуваат разни дарови, но пред с  се принесува крвна жртва (курбан), најчесто јагне. Жртвеното јагне се врти три пати околу каменот, потоа се коле свртено кон југ, така што крвта треба да протече на јужната страна од каменот. Сите овие обреди од ѓурѓовденскиот обреден комплекс имаат нагласен магиски карактер, и претставуваат своевидна магија за плодност.

И покрај тоа што на ова место нема црква, ниту пак, доаѓа свештеник, народот редовно го посетува секоја година, ден пред Ѓурѓовден и следниот ден – на самиот празник. Многу луѓе доаѓаат заради традицијата, само за да го испочитуваат денот и чудотворниот камен.

### 4.3. Каменот во преданијата за Марко Крале

Бројот на камењата што го носат името на Марко Крале е мошне обемен и се среќаваат низ целата територија на етничка Македонија. Тие н  потсетуваат на јунаштвото на овој омилен лик во балканскиот фолклор. Можеме да издвоиме три групи: а) камења што Марко Крале ги исекол со својата сабја,  б) камења што ги фрлал во разни натпревари да си го покаже своето јунаштво, за лично задоволство за да се прикажува за него или од лутина, в) камења на коишто тој оставил отпечатоци од своето тело. На нив обично се наоѓаат вдлабнатини од неговото стапало, рака или тело и се со иста функција како и другите култни камења. Водата што се собира во тие длабнатини има лековита моќ, а посебно се препорачува за очни болести. Некои, пак, имиња на камења се сврзани со нозете на неговиот коњ. Во село Мечкуевци, Свети Николе, позната е месноста **Маркова ступалка** за која селаните зборуваат дека таму се наоѓа еден голем камен на кој се гледа „стапалка од човек, коњ и куче“. Меѓу народот се прераскажува дека „тоа се трагови од Марко Кралевиќе и неговиот коњ“.

### 5. Заклучок

Дали верувањата, легендите, песните, преданијата можат да ни овозможат, да го разбереме минатото, да имаме почист поглед кон сегашноста и јасна визија за иднината? Веројатно нема мирна сегашност и стабилна иднина, ако не го познаваме минатото. Нашата земја изобилува со голем број култни места, локалитети, храмови и гробници, стари легенди и преданија кои народот ги почитува од памтивек до денес. Негувањето на традицијата, пренесувана од генерација на генерација, создало магиско-обредните дејствија да се зачувани и во ова мало гратче, Свети Николе. Врз основа на претходно изнесеното, оправдан е заклучокот дека во Свети Николе и околината, до денес во обичаите и во верувањата кај луѓето се среќава култот кон светите води и светите камења. Присуството на водата, речиси во сите обреди од раѓање, па с  до крајот на животот, укажува на нејзиното важно место во религиозните обичаи. Каменот, пак, кој со неговиот необичен и таинствен облик, асоцира на неговата поврзаност со натприродните сили, длабоко се вгнездил во човековата верба дека ги исцелува сите болести. Речиси секогаш водата и каменот се поврзуваат,

создадени од природата тие се нераскинлив дел од мисловниот свет на човекот и неговиот опстанок на земјата. Водата, движејќи се, ги пополнува камените и земјени вдлабнатини, кои водат до таинствените светови на подземјето. А тие пак, за човекот до ден денес остануваат далечни, непознати и недостижни.

## Список на информатори

1. Анонимен. Дата на теренско запишување: 22.5.2022 година
2. Слободанка Иванова. Дата на теренско запишување: 16.4.2022 година
3. Кристина Иванова Миткова. Дата на теренско запишување: 1.6.2022 година
4. Анонимен. Дата на теренско запишување: 20.6.2022 година

## Користена литература

[1] Анастасова-Шкрињариќ, Н. (2011). *Фолклорни социјални фосили*. Скопје: Македоника литера.
[2] Вражиновски, Т. (1998). *Народна митологија на Македонците*. Скопје – Прилеп: Институт за старословенска култура и Книгоиздателство Матица македонска.
[3] Гигов (Минцевски), С. (2017). *Мечкуевска куќа*. Свети Николе: Авторско издание.
[4] Кулишић. Ш, Петровић. П. Ж., Пантелић. Н. (1970). *Српски митолошки речник*. Белград: Издавачко предузеће Нолит.
[5] Макаријоска, Л. (2014). *Лексиката на македонската традиционална култура*. Скопје: Авторско издание.
[6] Макаријоска, Л. (2016). Речник на македонската традиционална култура, Скопје: Авторско издание
[7] Макаријоска, Л. (2021). *Етнолингвистички студии*. Скопје: Авторско издание.
[8] Поповска, Д. (2013). *Временските кодови во македонската народна традиција: преку верувањата и обредната практика поврзани со светите камења.* Белград: Институт за книжевност и уметност.
[9] Поповска, Д. (2012). *Македонските свети места во современ контекст: Врз примерот на карпата Змеоица во с. Краоа, Македонски Брод,* Скопје: Институт за национална историја.
[10] Ристовски, Н. (2016). *Зборниче: мал Зборник за Овче Поле*. Овче Поле: Младата македонска книжовна дружина.
[11] Цепенков М. (1980). *Македонски народни умотворби во десет книги*: Книга деветта: Народни верувања. Детски игри. Скопје: Мисла.
[12] Шевалие, Ж., Гербран, А. (2005) *Речник на симболите*, Митови, соништа, обичаи, гестови, облици, ликови, бои, броеви, Скопје: Табернакул.

**Електронски извори**


- https://www.folkloristika.org/arhiva/2017/motivot-predenje-vo-balkanskite-narodni-kulturi.pdf Весна Петреска. *Мотивот предење во балканските народни култури со посебен осврт на македонскста народна култура.* (Пристапено на: 20.1.2023)
- https://www.youtube.com/watch?v=GzAt0lYw2T0 Документарен филм за Говедар камен (Пристапено на: 28.1.2023)
- https://www.youtube.com/watch?v=IJxbJZQdMVQ Shepherd Stone, филм на Владимир Боцев, Музеј на Македонија, 2002. (Пристапено на 25.1.2023)



ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ГОДИШЕН ЗБОРНИК 2023